РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4013/2
05-11-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-4013/1 од 15.10.2021 година со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес, доставена од подносителот „--------------------------------------------------------------", **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК констатира дека пријавата не содржи елементи за прекршување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и членовите 33, 34 и 35 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страната на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител - ---------------------------------------------------------------------------------------", на ден 13.10.2021 година, преку електронската адреса на ДКСК поднесена е пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес - Локални избори 2021 година и оформен е предмет број 12-4013/1 од 15.10.2021 година. Имено, во пријавата изнесени се наводи за тоа дека на листата за советници на СДСМ за општина ---------- --------- се наоѓа лицето ---------- ------------- кое име се појавувало како актуелен советник на општина ---------. Во пријавата се навдува и дека согласно Законот за локална самоуправа, на членот на советот му престанув мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако престане да биде жител на општината. Во пријавениот случај, ако се потврдело дека се работи за исто лице, тоа не било сторено, па подносителот бара потврда и преземање на понатамошни чекори.

При разгледувањето на наводи, ДКСК констатира дека доставената пријава не содржи елементи за прекршување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и членовите 33, 34 и 35 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси по што оцени дека ДКСК нема надлежност да постапува по наводите и, пријавата да се отфрли.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до: Подносителот
Изработил: Ј.Ц Одобрил:
К.Н.,член на ДКСК